**ЈАВЕН ПОВИК**
**ЗА**
**ИДНИ РЕГИОНАЛНИ ЦЕНТРИ ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО**

**Повик за апликации**
**Повик за учество во проектните активности за воспоставување на 8 регионални центри за поддршка на социјалните претпријатија**

Проектот „***Поддршка на социјалните претпријатија***", финансиран од ЕУ, спроведен од Конзорциумот Ептиса / Барка / Екорис во соработка со **Министерството за труд и социјална политика** во периодот од август 2020 година - август 2022 година ќе поддржи долгорочни и одржливи можности за вработување и деловно работење за ранливи и маргинализирани групи преку воспоставување структури за поддршка на социјалните претпријатија. Опсегот на активности што ќе се спроведат се: развој на кохерентна правна, регулаторна, финансиска поддршка и рамка за следење на социјалните претпријатија, градење на капацитети (едукација и обука, деловно усовршување) како и воспоставување, организација, управување и работење на структурата за поддршка на социјалните претпријатија со регионални центри за контакт и поддршка за воспоставување на еко-систем за развој на социјално претприемништво.

**Ова е повик за локални субјекти кои се заинтересирани за поддршка на локалните економии со користење на иновативни пристапи на социјално претприемништво преку промовирање на принципите на солидарност и зајакнување на маргинализираните групи, создавање синергии во рамките на локалното партнерство и градење на изводливи бизнис модели.**

**Субјектите треба да бидат подготвени да обезбедат техничка и друга поддршка во градење локални капацитети на различни локални засегнати страни во нивните напори за основање или проширување на социјалните претпријатија (ве молиме внимателно прочитајте ги приложените критериуми за избор).**

Избраните апликанти/локални субјекти ќе бидат поддржани со соодветни обуки за градење на капацитети, информации, советувања, насоки итн и индивидуален пристап.

Комисијата за избор врз основа на критериумите ќе ги процени формуларите за идентификација доставени во рокот. Апликациите ќе бидат оценети во рок од 10 дена од крајниот рок за доставување. Врз основа на критериумите за избор, еден кандидат по регион (вкупно 8) ќе биде избран за квалификација за регионален центар за поддршка на социјалните претпријатија во рамките на проектот. На избраните кандидати ќе им биде испратено посебно писмо со известување за идните чекори на постапката.
Во однос на зајакнување на Регионалните центри за поддршка на социјалното претприемништво, важно е да се напомене дека проектот ќе назначи еден член на персоналот кој ќе обезбедува информации, ќе организира состаноци, обуки, менторски сесии за постојните и нововоспоставените социјални претпријатија. Канцеларијата на регионалниот центар за поддршка ќе биде финансиски поддржана (максимум 13 600 евра) за период до 17 месеци за покривање на плата и некои тековни трошоци за обезбедување на релевантни услуги врз основа на месечни извештаи до 1-ви септември 2022 година.

**Краен рок за доставување на Образецот за идентификација во електронска верзија е 12:00 часот, 5-ти март 2021 година - образецот треба да се достави на англиски јазик на следната е-пошта: supsocent@eptisa.com**

Критериумите за избор и Образецот за идентификација како посебни документи:

- Критериуми за избор **АНГ, МКД**, **АЛБ**
- Образец за идентификација **АНГ**

This project is funded by the European Union